Влада на Република Северна Македонија
Бр.4401-17/9

# З А П И С Н И К
од Деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 15 февруари 2020 година

Скопје, февруари 2020 година

**З А П И С Н И К**
**од Деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 15 февруари 2020 година**

Седницата започна во 21:40 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, членовите на Владата на Република Северна Македонија м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, д-р Бардул Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата присуствуваа и м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи, Неџат Мехмедовиќ, заменик на министерот за политички систем и односи меѓу заедниците, Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација,

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори членовите на Владата на Република Северна Македонија, Мила Царовска и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки и членовите на Владата д-р Рашела Мизрахи, министер за труд и социјална политика, Хусни Исмаили, министер за култура, д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација и Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност.

*

*         *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Информација во врска со Одлуката за продажба на недвижни ствари – деловен простор со непосредна спогодба бр.02-1624/13 од 11.2.2020 година, со Предлог-одлука

2. Предлог-програма за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на спортски објекти за 2020 година

3. Информација за реализација на Проектот реконструкција на спортска сала Куманово

4. Информација за реализација на Проектот реконструкција на спортско игралиште со трибина на локалитетот „Соколана“

5. Предлог-програма за изменување на Програмата за намалување на аерозагадувањето за 2020 година

6. Кадровски прашања

7. Прашања и предлози

8. Информација за потпишување на Спогодба меѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија и Министерството за земјоделска политика и храна на Украина за соработка во областа на карантинот и заштита на растенијата, со нов усогласен текст на Спогодба

9. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на фотонапонска соларна централа КО Крушево-вон г.р., Општина Крушево, со Предлог-одлука

10. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Национална установа Библиотека „Григор Прличев“, Охрид

11. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Универзитетот „Гоце Делчев“, Штип

12. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Национална установа Универзитетска библиотека „Св.Климент Охридски“, Скопје

13. Предлог-одлука за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2020 година на Православниот Богословски факултет „Св.Климент Охридски“, Скопје придружна членка на Универзитет „Св.Кирил и Методиј“, Скопје

14. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Виница (книги, за потребите на Јавна општинска установа Библиотека „Ванчо Прке“, Виница)

15. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Берово

16. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гевгелија

17. Предлог – одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Универзитетот „Св.Климент Охридски“, Битола

18. Предлог – одлука за одобрување на средства од буџетот на Министерството за образование и наука за 2020 година

19. Предлог – одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гевгелија

20. Предлог-одлука за одобрување наменски средства на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово за 2020 година

21. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Пробиштип

22. Предлог-одлука за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2020 година на Факултетот за Исламски науки, Скопје

23. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Тетово

24. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „ Никола Карев“, Охрид

25. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за правда - Управа за извршување на санкциите

26. Предлог-одлука за давање на трајно користење недвижни ствари на Казнено-поправна установа Затвор Скопје, Скопје

27. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Кавадарци

28. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Струмица

29. Информација за распределба на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, алоцирани во раздел 13001 - Министерство за транспорт и врски, Потпрограма – поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите, со Предлог–одлука

30. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Гостивар

31. Предлог – одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на затворската полиција за 2020 година

32. Информација во врска со актуелната состојба и проблемот со издавање на патни исправи од страна на Министерството за внатрешни работи

33. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Куманово

34. Предлог-одлуки за давање согласност на Решенијата за отстапување на одземени предмети (вкупно 27 моторни возила) во кривична и прекршочна постапка и Предлог-одлука за престанок на важење на Одлуката за давање на согласност

35. Предлог-одлука за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Општина Гази Баба

36. Информација со Правилник за доделување финансиски средства преку иновациски ваучери и Тарифник за утврдување на висина на надоместок на Комисијата за разгледување и избор за доделување финансиски средства преку иновациски ваучери, со предлог – одлуки

37. Барање за донесување на одлука за престанување на времено користење на недвижни ствари и за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Општина Кочани без надоместок, со Предлог – одлука

38. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие „Службен весник на Република Северна Македонија" ц.о. – Скопје за 2020 година

39. Информација во врска со потребата од пренесување на право на сопственост на недвижна ствар во државна сопственост на Општина Чашка без надоместок за која во Катастарот на недвижности е

запишано право на стопанисување со недвижниот имот на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост, со Предлог – одлука

40. Барање за донесување на одлука за продажба на движни ствари - патнички моторни возила, во сопственост на Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање на услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД, Скопје, со Предлог – одлука

41. Информација за предлог – решение за утврдување на висина на надоместокот на претседателот и на членовите на Комитетот за одобрување на инвестиции на Фондот за иновации и технолошки развој, со Предлог – решение

42. Информација во врска со потребата од пренесување на право на сопственост на недвижна ствар на Општина Чашка без надоместок за која во катастарот на недвижности е запишано право на користење на МЗ Војница, со Предлог – одлука

43. Предлог - одлука за престанок на важење на Одлуката за утврдување на градба од посебен интерес заради изработка на урбанистичко планска документација

44. Барање за нафтени деривати без надомест од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, со Предлог – одлука

45. Предлог-програма за изменување на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2020 година

46. Предлог-одлука за пренесување на правото на сопственост на недвижни ствари на Општина Македонски Брод

47. Информација во врска со барањето за пренос на удели во Друштвото за производство и промет со електрична енергија „АЛ ХИДРО ГРУП" ДОО Кавадарци, концесионер во Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа, МХЕЦ Жаба со реф.бр. 254, со Предлог – одлука

48. Информација за продажба на недвижна ствар во с. Смојмирово, Општина Берово сопственост на Република Северна Македонија - корисник Министерство за финансии, со Предлог-одлука

49. Информација со предлог за донесување одлука за продажба на недвижен имот - хотел Славија и хотел Попова Шапка во сопственост на АД ЕСМ, Скопје

50. Предлог-одлука за давање под долготраен закуп градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на ЕВН Електростопанство на Македонија Акционерско друштво за дистрибуција на електрична енергија, Скопје

51. Информација за донесување акти за зголемување на паричен влог на основната главнина на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски" ДООЕЛ Скопје

52. Информација во врска со потребата од донесување на Одлука за престанок на користење на недвижна ствар на Општина Кавадарци и донесување на Одлука за пренесување во сопственост недвижна ствар на Општина Кавадарци, со Предлог - одлуки (спрат од зграда над градската библиотека, со внатрешна површина од 320 м2)

53. Информација за продажба на недвижна ствар во село Непроштено, Општина Теарце, сопственост на Република Северна Македонија - корисник Министерство за финансии, со Предлог - одлука за продажба на недвижна ствар во село Непроштено, Општина Теарце

54. Предлог-одлука за престанок на важење на Одлуката за утврдување на градба од посебен интерес заради изработка на Локална урбанистичко планска документација

55. Информација за донесување на одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за државни патишта, со Предлог – одлука

56. Предлог-програма за мониторинг за безбедност на храна за животни за 2020 година

57. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за здравство

58. Информација во врска со потребата од пренесување на право на сопственост на недвижна ствар на Општина Чашка без надоместок за која во Катастарот на недвижности е запишано право на сопственост на МЗ Еловец, со Предлог-одлука

59. Информација во врска со потреба од донесување на одлука за давање под долготраен закуп со непосредна спогодба на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за изградба на објект со намена комунална супраструктура-Е2 (катна гаража)), со Предлог – одлука

60. Предлог-одлука за продажба на движни ствари (патнички моторни возила)

61. Информација за реализација на проектот Реконструкција на повеќенаменско спортско игралиште во ОУ „Дитурија“, с.Липково, Општина Липково

62. Предлог-одлука за распоредување на набавената противпожарна опрема на општините Кавадарци, Битола, Штип, Охрид, Прилеп и Град Скопје

63. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Општина Маврово и Ростуше

64. Информација за исполнетост на условите на Друштво за агрикултура и фармација СЕЈФ ФАРМА ДООЕЛ увоз–извоз с. Бистренци, Демир Капија за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука

65. Информација за исполнетост на условите на Друштво за трговија и услуги „ЧИЛАМ“, ДОО, Скопје за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог - одлука

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Одлуката за продажба на недвижни ствари – деловен простор со непосредна спогодба бр.02-1624/13 од 11.2.2020 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на недвижни ствари – деловен простор со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 2**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на спортски објекти за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на Проектот реконструкција на спортска сала Куманово и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт да спроведе постапка за јавна набавка за избор на изведувач за реконструкција на спортска сала Куманово.

2. За реализација на Проектот реконструкција на спортска сала Куманово се задолжува Агенцијата за млади и спорт да ги обезбеди потребните средства во висина од 12.500.000,00 денари со следниов начин и динамика на плаќање:

- 7.000.000,00 денари во 2020 година и
- 5.500.000,00 денари во 2021 година.

3. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт потребните средства за отпочнување на постапка за реализација на Проектот реконструкција на спортска сала Куманово, да ги прикаже во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на Проектот реконструкција на спортско игралиште со трибина на локалитетот „Соколана“ и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт да спроведе постапка за јавна набавка за избор на изведувач за реконструкција на спортско игралиште со трибина на локалитетот „Соколана“.

2. За реализација на Проектот реконструкција на спортско игралиште со трибина на локалитетот „Соколана“ се задолжува Агенцијата за млади и спорт да ги обезбеди потребните средства во висина од 7.500.000,00 денари со следниов начин и динамика на плаќање:

- 3.000.000,00 денари во 2020 година и
- 4.500.000,00 денари во 2021 година.

3. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт потребните средства за отпочнување на постапка за реализација на Проектот реконструкција на спортско игралиште со трибина на локалитетот „Соколана“, да ги прикаже во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот.

## Точка 5

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за намалување на аерозагадувањето за 2020 година, во предложениот текст.

## Точка 6

По оваа точка немаше предлози.

## Точка 7

1. Владата ја донесе Одлуката за поништување на решенија за распоредување на работно место и Наредба за извршување работи и работни задачи, во предложениот текст.

Одлуката е донесена со еден глас против.

2. Владата им препорача на Надзорниот и Управниот одбор на АД Електрани на Северна Македонија во тековната 2020 година да обезбедат финансиски средства за подготовка на основен проект за гондолата Тетово – Попова Шапка, согласно постојната физибилити студија подготвена од Министерството за економија и АД Електрани на Северна Македонија.

3. Владата ја донесе Одлуката за поништување на Решенија, во предложениот текст.

4. Во врска со Барањето од Амбасадата на Република Србија за користење на просторот на Националната установа Македонска филхармонија, поради одржување на свечена академија по повод Денот на државноста и Денот на војската на Република Србија на 28 февруари 2020 година, Владата заклучи да се отстапи просторот на Националната установа Македонска филхармонија без надомест за таа намена.

**5.** Владата го разгледа Нацрт - одлуката за склучување на анекс на Договорот за концесија склучен помеѓу Република Северна Македонија, како концедент и „ТАВ МАКЕДОНИЈА“, ДООЕЛ, Мралино, Илинден како инвеститор и „ТАВ ХАВАЛИМАНЛАРИ ХОЛДИНГ“ A.S., како референтен оператор, од 24.09.2008 година за промената на намени на дел од средствата, за инвестирање на објекти од јавен интерес и го утврди со следниве заклучоци:

1) Во членот 2 од Нацрт - одлуката во став 1, алинејата 2 да се измени и да гласи:

-„- градење на објекти за општа употреба и тоа: патишта во надлежност на општините и Градот Скопје, плоштади, општински згради јавни паркови, пазари, јавни паркиралишта и гробишта.“.

2) Текстот на Нацрт - одлуката да се усогласи со Министерството за финансии.

3) Се задолжува Генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија пречистениот текст на Нацрт одлуката за склучување на анекс на Договорот за концесија склучен помеѓу Република Северна Македонија, како концедент и „ТАВ МАКЕДОНИЈА“, ДООЕЛ, Мралино, Илинден како инвеститор и „ТАВ ХАВАЛИМАНЛАРИ ХОЛДИНГ“ A.S., како референтен оператор, од 24.09.2008 година за промената на намени на дел од средствата, за инвестирање на објекти од јавен интерес, да го достави до „ТАВ Македонија“, ДООЕЛ, Мралино, Илинден, за добивање на согласност согласно член 41-а од Законот за концесии и јавно приватно партнерство.

**6.** Владата заклучи да го измени заклучокот од Точка 104 (прашања и предлози), од Седмата седница на Владата, одржана на 10 февруари, а во врска со владината делегација по повод одбележувањето на годишнината од загинувањето на поранешниот Претседател на Република Северна Македонија, Борис Трајковски кај Ротимље, Мостар, Босна и Херцеговина, и тоа, на одбележувањето кое ќе се одржи на 26 февруари 2020 година, наместо д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, да присуствува Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции.

## Точка 8

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Спогодба меѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија и Министерството за земјоделска политика и храна на Украина за соработка во областа на карантинот и заштита на растенијата, со нов усогласен текст на Спогодба и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Спогодбата меѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија и Министерството за земјоделска политика и храна на Украина за соработка во областа на карантинот и заштита на растенијата.

2. Се овластува Зорица Апостолска, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, да ја потпише Спогодбата меѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија и Министерството за земјоделска политика и храна на Украина за соработка во областа на карантинот и заштита на растенијата.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на фотонапонска соларна централа КО Крушево-вон г.р., Општина Крушево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на фотонапонска соларна централа КО Крушево-вон г.р., Општина Крушево, со заклучок текстот на истата претходно да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 10**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Национална установа Библиотека „Григор Прличев“ – Охрид, во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип, во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Национална установа Универзитетска библиотека „Св.Климент Охридски“, Скопје, во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2020 година на Православниот Богословски факултет „Св.Климент Охридски“, Скопје придружна членка на Универзитет „Св.Кирил и Методиј“, Скопје, во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Виница (книги, за потребите на Јавна општинска установа Библиотека „Ванчо Прке“, Виница), во предложениот текст.

**Точка 15**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Берово, во предложениот текст.

**Точка 16**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гевгелија, во предложениот текст.

**Точка 17**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Универзитетот „Св.Климент Охридски“, Битола, во предложениот текст.

**Точка 18**

Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од буџетот на Министерството за образование и наука за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 19**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гевгелија, во предложениот текст.

**Точка 20**

Владата ја донесе Одлуката за одобрување наменски средства на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово за 2020 година.

**Точка 21**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Пробиштип.

**Точка 22**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2020 година на Факултетот за Исламски науки - Скопје .

**Точка 23**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Тетово, во предложениот текст.

**Точка 24**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „ Никола Карев“ – Охрид.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за правда - Управа за извршување на санкциите и ја донесе Одлуката со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 26**

Владата го разгледа текстот на Предлог-одлуката за давање на трајно користење недвижни ствари на Казнено-поправна установа Затвор Скопје, Скопје и ја донесе Одлуката, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Одлуката со Агенцијата за катастар на недвижности.

**Точка 27**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Кавадарци, во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Струмица, со заклучок текстот на истата претходно да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата за распределба на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, алоцирани во раздел 13001 - Министерство за транспорт и врски, Потпрограма – поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите, со Предлог– одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за распределба на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година за поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски од средствата обезбедени во буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2020 година на сметка 13001002566З718, Потпрограма 11-Поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите, ставка 488-Капитални дотации до ЕЛС, да префрли 16.000.000,00 денари на наменска сметка на Општина Кочани за комунални инфраструктурни и капитални проекти.

3. Се препорачува на Општина Кочани да отвори наменска сметка за комунални инфраструктурни и капитални проекти.

## Точка 30

Владата ја донесе Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Гостивар, со заклучок предлагачот текстот на Одлуката да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 31

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на затворската полиција за 2020 година, во предложениот текст.

## Точка 32

Владата ја разгледа Информацијата во врска со актуелната состојба и проблемот со издавање на патни исправи од страна на Министерството за внатрешни работи и ја усвои со следниов заклучок:

- Се задолжува министерот за внатрешни работи, м-р Наќе Чулев со Управниот комитет за имплементација на Рамковната спогодба склучена со фирмата Veridos GmbH, да изнајдат механизам за надминување на состојбата.

Заклучокот е донесен со еден глас против.

## Точка 33

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Куманово.

## Точка 34

Владата ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на ЈЗУ Општа болница „д-р. Ферид Мурад“ - Гостивар, во предложениот текст;

2. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Конче, во предложениот текст;

3. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Центар Жупа, во предложениот текст;

4. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ОУД „Лазар Лазаревски“ Велес, во предложениот текст;

5. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на ЈЗУ Здравствен дом – Велес, во предложениот текст;

6. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна пресуда на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о., во предложениот текст;

7. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна пресуда на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о., во предложениот текст;

8. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на ЈЗУ Здравствен дом – Вевчани, во предложениот текст;

9. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, во предложениот текст;

10. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид, во предложениот текст;

11. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, во предложениот текст;

12. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, во предложениот текст;

13. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на ЈЗУ Институт за физикална медицина и рехабилитација – Скопје, во предложениот текст;

14. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Гевгелија, во предложениот текст;

15. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на НУ Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија, во предложениот текст;

16. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерството за внатрешни работи, во предложениот текст;

17. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Валандово, во предложениот текст;

18. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар Св. Пантелејмон – Скопје, во предложениот текст;

19. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Крушево, во предложениот текст;

20. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Кисела Вода, во предложениот текст;

21. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Могила, во предложениот текст;

22. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на ЈЗУ Универзитетска клиника по хируршки болести „Св. Наум Охридски“ Скопје, во предложениот текст;

23. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈУ Зоолошка градина на Град Скопје, во предложениот текст;

24. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Берово, во предложениот текст;

25. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈЗУ Специјална болница по гинекологија и акушерство Мајка Тереза - Скопје, во предложениот текст;

26. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Агенција за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија, во предложениот текст;

27. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за правда – Биро за судски вештачења, во предложениот текст и

28. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција - Скопје, во предложениот текст.

### Точка 35

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Општина Гази Баба, во предложениот текст.

### Точка 36

Владата ја разгледа Информацијата со Правилник за доделување финансиски средства преку иновациски ваучери и Тарифник за утврдување на висина на надоместок на Комисијата за разгледување и избор за доделување финансиски средства преку иновациски ваучери, со предлог – одлуки и условно ја усвои Информацијата со Правилник за доделување финансиски средства преку иновациски ваучери и Тарифник за утврдување на висина на надоместок на Комисијата за разгледување и избор за доделување финансиски средства преку иновациски ваучери, со предлог – одлуки и ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Правилник за доделување финансиски средства преку иновациски ваучери.

2. Одлуката за давање согласност на Тарифник за утврдување на висина на надоместок на Комисијата за разгледување и избор за доделување финансиски средства преку иновациски ваучери, доколку предлагачот текстот на предметниот материјал го усогласи со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство, во спротивно Информацијата повторно да се разгледа на наредната седница на Владата.

### Точка 37

Владата го разгледа Барањето за донесување на одлука за престанување на времено користење на недвижни ствари и за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Општина Кочани без надоместок, со Предлог – одлука и условно ја донесе Одлуката за престанок на времено користење на недвижни ствари и за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Општина Кочани, доколку предлагачот текстот на предметниот материјал го усогласи согласно укажувањата изнесени во Мислењето на Секретаријатот за законодавство, во спротивно Барањето повторно да се разгледа на наредната седница на Владата.

## Точка 38

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие „Службен весник на Република Северна Македонија“ ц.о. – Скопје за 2020 година, во предложениот текст.

## Точка 39

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата во врска со потребата од пренесување на право на сопственост на недвижна ствар во државна сопственост на Општина Чашка без надоместок за која во Катастарот на недвижности е запишано право на стопанисување со недвижниот имот на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост, со Предлог – одлука, поради потребата предлагачот да го преработи материјалот, согласно укажувањата во мислењата на Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство.

## Точка 40

Владата по новиот текст на Барањето за донесување на одлука за продажба на движни ствари - патнички моторни возила, во сопственост на Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање на услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД, Скопје, со Предлог – одлука, ја донесе Одлуката за продажба на движни ствари, во предложениот текст.

## Точка 41

Владата ја разгледа Информацијата за предлог – решение за утврдување на висина на надоместокот на претседателот и на членовите на Комитетот за одобрување на инвестиции на Фондот за иновации и технолошки развој, со Предлог – решение, ја усвои Информацијата и условно го донесе Решението за утврдување на висина на надоместок на претседателот и на членовите на Комитетот за одобрување на инвестиции на Фондот за иновации и технолошки развој, со заклучок предлагачот текстот на Решението да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 42

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата во врска со потребата од пренесување на право на сопственост на недвижна ствар на Општина Чашка без надоместок за која во катастарот на недвижности е запишано право на користење на МЗ Војница, со Предлог – одлука, согласно укажувањето на Секретаријатот за законодавство и негативното мислење на Министерството за финансии.

## Точка 43

Владата ја донесе Одлуката за престанок на важење на Одлуката за утврдување на градба од посебен интерес заради изработка на урбанистичко планска документација, во предложениот текст.

## Точка 44

Владата по Барањето за нафтени деривати без надомест од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, со Предлог – одлука, ја донесе Одлуката за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о. во количини кои ќе бидат определени од Дирекција за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати.

Истовремено, Владата заклучи трошоците за акциза и ДДВ за отстапените нафтени деривати да бидат на товар на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о.

## Точка 45

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2020 година, во предложениот текст.

## Точка 46

Владата ја симна од Дневен ред Предлог - одлуката за пренесување на правото на сопственост на недвижни ствари на Општина Македонски Брод, поради негативните мислења на Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии, Агенцијата за катастар на недвижности и Секретаријатот за законодавство.

## Точка 47

Владата ја разгледа Информацијата во врска со барањето за пренос на удели во Друштвото за производство и промет со електрична енергија „АЛ ХИДРО ГРУП” ДОО Кавадарци, концесионер во Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа, МХЕЦ Жаба со реф. бр. 254, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на согласност за пренос на удели од содружниците Друштво за производство трговија и услуги „Метал Апостолов“, ДООЕЛ, увоз-извоз, Кавадарци и од Друштво за проектирање и одржување на објекти, производство, трговија и услуги „Ресурс ЛТДИ“, ДООЕЛ, извоз-увоз, Кавадарци на Друштво за трговија, градежништво и услуги „Пертинакс“, ДООЕЛ, Скопје во концесионерот Друштво за производство и промет со електрична енергија „Ал хидро груп“, ДОО Кавадарци, во предложениот текст.

**Точка 48**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за продажба на недвижна ствар во село Смојмирово, Општина Берово сопственост на Република Северна Македонија - корисник Министерство за финансии, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за продажба на недвижна ствар во село Смојмирово, Општина Берово (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Информацијата со предлог за донесување Одлука за продажба на недвижен имот - хотел Славија и хотел Попова Шапка во сопственост на АД ЕСМ, Скопје и ја усвои со следниов заклучок:

Се укажува на Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост-Скопје, да достави барање до Бирото за судски вештачења, со цел Бирото за судски вештачења да изврши Процена на вредноста на недвижниот имот на хотел Славија и хотел Попова Шапка.

**Точка 50**

Владата ја донесе Одлуката за давање под долготраен закуп градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на ЕВН Електростопанство на Македонија Акционерско друштво за дистрибуција на електрична енергија, Скопје, со заклучок Општина Куманово да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 51**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување акти за зголемување на паричен влог на основната главнина на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје, со изјави и предлог – одлуки и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за одобрување на средства за зголемување на основната главнина на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје (нов текст), во предложениот текст.

2. Ја донесе Одлуката за зголемување на основната главнина на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје (нов текст), во предложениот текст.

3. Ја донесе Одлуката за изменување на Изјавата за основање Друштво за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје (нов текст), во предложениот текст.

4. Даде Изјава за преземање на нов влог.

5. Даде Изјава за основање Друштво за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје (пречистен текст).

## Точка 52

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од донесување на Одлука за престанок на користење на недвижна ствар на Општина Кавадарци и донесување на Одлука за пренесување во сопственост недвижна ствар на Општина Кавадарци, со Предлог - одлуки (спрат од зграда над градската библиотека, со внатрешна површина од 320 м2), ја усвои Информацијата и ги донесе новите текстови на:

- Одлуката за престанок на користење на недвижна ствар на Општина Кавадарци и

- Одлуката за пренесување во сопственост недвижна ствар на Општина Кавадарци, во предложените текстови.

## Точка 53

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за продажба на недвижна ствар во село Непроштено, Општина Теарце, сопственост на Република Северна Македонија - корисник Министерство за финансии, со Предлог - одлука за продажба на недвижна ствар во село Непроштено, Општина Теарце, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за продажба на недвижна ствар во село Непроштено, Општина Теарце, во предложениот текст.

## Точка 54

Владата ја симна од Дневен ред Предлог-одлуката за престанок на важење на Одлуката за утврдување на градба од посебен интерес заради изработка на Локална урбанистичко планска документација, бидејќи истата се надминува со Точка 43 од оваа седница на Владата.

## Точка 55

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за државни патишта, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за државни патишта за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 56**

Владата ја донесе Програмата за мониторинг за безбедност на храна за животни за 2020 година.

**Точка 57**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за здравство, во предложениот текст.

**Точка 58**

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата во врска со потребата од пренесување на право на сопственост на недвижна ствар на Општина Чашка без надоместок за која во катастарот на недвижности е запишано право на сопственост на МЗ Еловец, со Предлог-одлука, имајќи ги предвид мислењата на Министерството за финансии и Агенцијата за катастар на недвижности.

**Точка 59**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со потреба од донесување на одлука за давање под долготраен закуп со непосредна спогодба на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за изградба на објект со намена комунална супраструктура-Е2 (катна гаража)), со Предлог – одлука поради потреба предлагачот да постапи по забелешките од Министерството за финансии како и да се имаат предвид мислењата на Министерството за транспорт и врски и Агенцијата за катастар на недвижности.

**Точка 60**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за продажба на движни ствари (патнички моторни возила), во предложениот текст.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на проектот Реконструкција на повеќенаменско спортско игралиште во ОУ „Дитурија", с.Липково, Општина Липково и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт да спроведе постапка за јавна набавка на изведувач за реконструкција на повеќенаменско спортско игралиште во ОУ „Дитурија", с.Липково, Општина Липково.

2. За реализација на проектот Реконструкција на повеќенаменско спортско игралиште во ОУ „Дитурија", с. Липково, Општина Липково, се задолжува Агенцијата за млади и спорт да ги обезбеди потребните средства во висина од 3.000.000,00 денари во рамки на буџетот за 2020 година.

**Точка 62**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за распоредување на набавената противпожарна опрема на општините Кавадарци, Битола, Штип, Охрид, Прилеп и Град Скопје.

**Точка 63**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Општина Маврово и Ростуше, во предложениот текст.

**Точка 64**

Владата ја разгледа Информацијата за исполнетост на условите на Друштво за агрикултура и фармација СЕЈФ ФАРМА ДООЕЛ увоз–извоз с.Бистренци Демир Капија за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за агрикултура и фармација СЕЈФ ФАРМА ДООЕЛ увоз – извоз с.Бистренци Демир Капија, во предложениот текст.

**Точка 65**

Владата ја разгледа Информацијата за исполнетост на условите на Друштво за трговија и услуги ЧИЛАМ ДОО Скопје за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за трговија и услуги ЧИЛАМ ДОО Скопје, во предложениот текст.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 23:45 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**д-р Драги Рашковски**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Оливер Спасовски**